1830
Službeni vesnik SR Makedonije
91001 Skopje
fah 51




# СЛУЖ...

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРА...

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словеначки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 7 мај 1982
БЕЛГРАД
БРОЈ 24 ГОД. XXXVIII

Цена на овој бро... Аконтацијата за 1982 година ... 1.000 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристиќа број 1. Пошт. фах 226. — Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-855; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756


**313.**

Врз основа на член 215 став 2 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 21/82), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНИ НА УРЕДБАТА ЗА УПРАВАТА НА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ

Член 1

Во Уредбата за Управата на деловните згради на сојузните органи („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/78) во член 5 ставот 2 се брише.

Член 2

Членот 6 се брише.

Член 3

Во член 9 ставот 1 се менува и гласи:

„Средствата за работа на Управата се обезбедуваат во буџетот на федерацијата."

Член 4

Во член 10 ст. 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Општите акти за организацијата и работата и општите акти за систематизацијата на задачите и работите во Управата ги донесува директорот на Управата во согласност со Сојузниот извршен совет, а по прибавено мислење од работната заедница на Управата.

Финансискиот план и завршната сметка на работната заедница на Управата ги донесува работната заедница на Управата, по прибавено мислење од директорот на Управата."

Член 5

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 172
30 април 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

**314.**

Врз основа на член 347 точка 5 од Уставот на СФРЈ, заради извршување на Законот за измени и дополненија на Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/80), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО АТЕСТИРАЊЕ НА ПАМУКОТ И ВОЛНАТА

1. Одлуката за височината на надоместот за задолжително атестирање на памукот и волната („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/79) престанува да важи.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 161
22 април 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

**315.**

Врз основа на член 78 став 4 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77, 17/78 и 5/82), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ ФИЗИЧКИ ЛИЦА МОЖАТ ДА УВЕЗУВААТ, ВНЕСУВААТ И ПРИМААТ ОПРЕДЕЛЕНИ ПРЕДМЕТИ ОД СТРАНСТВО

1. Домашни физички лица и странски физички лица што во Југославија имаат живеалиште или привремен престој подолг од три месеци, можат да увезуваат, внесуваат и примаат (во натамошниот текст: да увезуваат) определени предмети од странство, под условите пропишани со оваа одлука.

Под увоз од странство, во смисла на став 1 од оваа точка, се подразбира и купувањето на стоки од организациите на здружен труд што застапуваат странски фирми и држат консигнациони складови на странски стоки, како и купувањето на стоки во странство со посредство на организациите на здружен труд регистрирани за вршење работи на надворешнотрговскиот промет.

2. Лицата од точка 1 на оваа одлука можат да увезуваат, и тоа:

1) предмети што очигледно служат за нивните лични потреби и за личните потреби на членовите на нивното семејство (брачен другар, родители, деца), ако живеат во заедничко домаќинство;

2) предмети што ќе ги користат за потребите на своето домаќинство (предмети за домување и разонода, ситен алат, машина за пишување и др., како и градежен и инсталационен материјал чија вкупна царинска основица не преминува вредност од 3.000 динари).

Лицата од точка 1 на оваа одлука можат радиоапарати, магнетофон, касетофон, грамофон и засилувач, поединечно или во комплет, чија царинска основица преминува вредност од 10.000 динари поединечно, односно 20,000 динари во комплет, машина за перење рубелина, машина за сушење рубелина, машина за пеглање рубелина, машина за миење садови, ладилник, телевизор, шпорет, клима-уред, правошмукалка и мотор за чамец да увезуваат само ако ги купуваат од организации на здружен труд што застапуваат странски фирми и држат консигнациони складови на странски стоки или ако ги купуваат во странство со посредство на организации на здружен труд регистрирани за вршење работи на надворешнотрговскиот промет.

Лицата што на привремена работа во странство поминале непрекинато најмалку една година и што се доселуваат или враќаат во Социјалистичка Федеративна Република Југославија можат предметите од став 2 на оваа точка да ги увезуваат без ограничување, во рок од 6 месеци од денот на доселувањето односно враќањето.

Лицата на привремена работа во странство и членовите на екипаж на бродови што сообраќаат со странство, кога доаѓаат на привремен престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, можат предметите од став 2 на оваа точка да ги увезуваат до вкупна вредност од 25.000 динари.

Одредбите од став 2 на оваа точка не се однесуваат на лица што предметите од тој став ќе ги добијат на меѓународни спортски и други манифестации и на странски физички лица што привремено престојуваат во Социјалистичка Федеративна Република Југославија и што повеле постапка за добивање одобрение за постојано населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, односно за добивање на југословенско државјанство.

3. Работните луѓе што се занимаваат со земјоделска дејност можат да увезуваат основни средства што им служат за непосредно вршење на таа дејност и резервни делови за тие средства, чија поединечна царинска основица не преминува вредност од 400.000 динари, ако основните средства не се произведени пет години пред денот на увозот, и репродукционен материјал чија царинска основица не преминува вкупна вредност од 100.000 динари годишно.

Основните средства од став 1 на оваа точка чија поединечна царинска основица преминува вредност од 400.000 динари не можат да се увезуваат ни во делови, ниту можат да се увезуваат делови за основните средства чија царинска основица преминува вредност од 400.000 динари, освен во случаите во кои лицата од тој став ги притежаваат тие основни средства.

4. Работните луѓе што самостојно вршат занаетчиска, угостителско-туристичка и друга слична дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните можат да увезуваат машини, апарати, уреди, алати и друга опрема, како и резервни делови за нив, што им служат за непосредно вршење на дозволената дејност во количеството што служи за потребите на односната дејност, ако нивната поединечна царинска основица не преминува вредност од 400.000 динари и ако не се произведени 10 години пред денот на увозот.

Опремата од став 1 на оваа точка чија поединечна царинска основица преминува вредност од 400.000 динари не може да се увезува ни во делови, ниту можат да се увезуваат делови за опрема чија царинска основица преминува вредност од 400.000 динари, освен во случаите во кои лицата од тој став ја притежаваат таа опрема.

Работните луѓе што дејноста од став 1 на оваа точка ја вршат како основно занимање можат да увезуваат репродукционен материјал што им е неопходен за вршење на таа дејност чија царинска основица на преминува вкупна вредност од 100.000 динари годишно, а работните луѓе што таквата дејност ја вршат како дополнително занимање можат да увезуваат репродукционен материјал, чија царинска основица не преминува вкупна вредност од 50.000 динари годишно.

Работните луѓе од став 1 на оваа точка можат, за вршење на услужни дејности, да увезуваат делови чија поединечна царинска основица не преминува 5.000 динари и хемиски препарати што им се потребни за вршење на односната дејност чија царинска основица не преминува вкупна вредност од 100.000 динари годишно, ако таа дејност ја вршат како основно занимање, односно чија царинска основица не преминува вкупна вредност од 50.000 динари годишно, ако таа дејност ја вршат како дополнително занимање.

Работните луѓе што самостојно вршат рибарска дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните како основно занимање можат да увезуваат рибарски бродови со должина до 14 метри, односно до 30 тони носивост или деплас-ман до 65 тони, резервни делови за тие бродови и предмети и прибор, што им се неопходни за вршењето на таа дејност, а чија царинска основица не преминува вкупна вредност од 100.000 динари годишно.

5. Работните луѓе што во странство престојувале непрекинато најмалку две години или 24 месеци во три последовни години и што се доселуваат, односно враќаат во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, заради здружување на своите средства во договорна организација на здружен труд, можат, во рок од три години од денот на доселувањето, односно враќањето да увезуваат опрема согласно со одобрението на надлежниот орган во републиката, односно автономната покраина за основање на таа договорна организација на здружен труд и со мислењето на стопанската комора на републиката, односно стопанската комора на автономната покраина за целесообразноста на тој увоз, ако опремата не е произведена десет години пред денот на увозот.

Работните луѓе од став 1 на оваа точка можат да увезуваат репродукционен материјал што им е неопходен за вршење на дозволената дејност, чија царинска основица не преминува вкупна вредност од 150.000 динари годишно.

6. Лицата што се занимаваат со културно-уметничка и сценско-музичка дејност, што се зачленети во соодветни здруженија, можат да увезуваат опрема потребна за вршење на односната дејност, чија поединечна царинска основица не преминува вредност од 150.000 динари и репродукционен материјал чија царинска основица не преминува вкупна вредност од 50.000 динари годишно.

7. Лицата од точка 2 став 3 на оваа одлука се должни при увозот да поднесат до надлежната царинарница потврда издадена од дипломатското односно конзуларното претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство или од надлежниот орган за вработување во републиката односно автономната покраина — преку кој се упатени на работа во странство, ако тој орган за тоа води евиденција, или потврда од организацијата на здружен труд што ги упатила на работа во странство, дека на работа во странство поминале непрекинато најмалку една година, а ако

не можат да прибават ниедна од тие потврди времето поминато на работа во странство го докажуваат на друг соодветен начин (со патна исправа, со соодветна исправа од странската служба за социјално осигурување или од странскиот работодавач, со пријава, односно одјава на престојот во странство и сл.).

Лицата од точка 2 став 5 на оваа одлука се должни при увозот да поднесат до надлежната царинарница потврда од организаторот дека предметите од точка 2 став 2 на оваа одлука ги добиле на меѓународни спортски и други манифестации, или потврда од соодветен сојуз на Југославија односно здружение, односно доказ дека повеле постапка за добивање одобрение за постојано населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, односно потврда дека повеле постапка за добивање на југословенско државјанство.

Лицата од точка 3 на оваа одлука се должни при увозот да поднесат до надлежната царинарница потврда од надлежниот орган во републиката односно автономната покраина, дека на територијата на републиката односно автономната покраина ја вршат односната дејност или писмена изјава дека се занимаваат со земјоделска дејност, односно доказ дека ги притежаваат основните средства за кои се наменети деловите, како и доказ дека земјоделската механизација што се увезува не е произведена пет години пред денот на увозот.

Лицата од точка 4, ст. 1 и 3 и точка 5 на оваа одлука се должни при увоз да поднесат до надлежната царинарница потврда од надлежниот орган во републиката односно автономната покраина дека на територијата на таа република односно автономна покраина ја вршат односната дејност, односно доказ дека ја притежаваат односната опрема и доказ дека опремата што се увезува не е произведена десет години пред денот на увозот.

Лицата од точ. 4 и 5 на оваа одлука, што не можат да добијат дозвола за вршење на определена дејност пред извршениот увоз на односната опрема должни се да поднесат до надлежната царинарница потврда од надлежниот орган во републиката односно автономната покраина дека ги исполнуваат условите за вршење на дејноста за чие вршење ја увезуваат опремата, а во рок од една година од денот на извршениот увоз се должни да поднесат потврда дека можат да ја вршат односната дејност.

Лицата од точка 6 на оваа одлука што се занимаваат со културно-уметничка дејност се должни при увозот да поднесат до надлежната царинарница потврда дека се членови на соодветно здружение, а лицата што се занимаваат со сценско-музичка дејност — потврда од соодветно републичко односно покраинско здружение чии членови се.

При увозот на репродукционен материјал, во смисла на точ. 3 до 6 од оваа одлука, надлежната царинарница на оригиналот на потврдата ја отпишува вредноста на увезениот репродукционен материјал со назначување на бројот и датумот на царинската декларација. Ако репродукциониот материјал се купува од консигнационен склад на странски стоки, отпис на вредноста на купениот репродукционен материјал врши организацијата наз дружен труд што ја застапува странската фирма.

8. Основните средства и опремата увезени според одредбите од оваа одлука не можат да се продадат ни отуѓат на друг начин пред истекот на рокот од две години од денот на извршениот увоз.

Ако лицата од точ. 3 до 6 на оваа одлука, по истекот на рокот од став 1 на оваа точка, ја отуѓат увезената опрема, односно основните средства се должни тоа отуѓување да му го пријават на надлежниот орган во републиката, односно автономната покраина во рок од 30 дена од денот на отуѓувањето.

9. Стоките што ги увезуваат според одредбите на оваа одлука, лицата од точка 1 на оваа одлука ги плаќаат со девизи што ги држат на својата девизна сметка или на девизен штеден влог кај овластена банка во динари што, во согласност со прописите, ги изнесуваат од Југославија во патничкиот промет.

10. Царинарницата нема да дозволи лицата од точка 1 на оваа одлука да увезат предмети што не се наведени во оваа одлука туку со тие предмети ќе се постапи според одредбите на член 204 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79 и 12/82).

11. Лицата од точка 1 на оваа одлука можат, покрај предметите наведени во оваа одлука, да увезуваат и предмети за кои со Царинскиот закон и со други прописи и меѓународни спогодби и договори е предвидено ослободување од плаќање царина, а во согласност со тие прописи односно меѓународни спогодби и договори.

12. Одредбите од оваа одлука не се однесуваат на увозот на моторни возила од страна на физички лица и на деловите за моторни возила наведени во точка 2 на Одлуката за условите под кои домашни физички лица можат да увезуваат моторни возила од странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/77, 44/78 и 37/80).

13. Објаснение за тоа кои предмети очигледно служат за лични потреби на лицата од точка 2 на оваа одлука и за потребите на членовите на нивното потесно семејство, како и кои предмети се сметаат како предмети на домаќинство во смисла на таа точка, дава, по потреба, Сојузната управа за царини.

14. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за условите под кои фицички лица можат да увезуваат, внесуваат и примаат определени предмети од странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/77, 37/78, 11/79 и 26/81).

15. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 171
30 април 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип, с. р.**

## 316.

Врз основа на член 36 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77, 17/78 и 5/82), врз основа на согласност од надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВОЗ НА ОПРЕМА КОЈА СЕ КОМПЛЕТИРА СО КУПУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО НА ДЕЛ ОД ОПРЕМА БЕЗ УВОЗ ВО ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за извоз на опрема која се комплетира со купување во странство на дел од опрема без увоз во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/77), во точка 2 став 1 зборовите: „не преминува 5% од вредноста на опремата што се извезува" се заменуваат со зборовите: „не преминува 20% од вредноста на опремата што се извезува, односно 20% од вредноста на опремата што се вградува во инвестиционен објект што се гради".

Став 2 се менува и гласи:

„Ако вредноста на купената опрема од став 1 на оваа точка преминува 20% од вредноста на опремата што се изведува, односно 20% од вредноста на опремата што се вградува во инвестиционен објект што се гради, организацијата на здружен труд е должна пред склучувањето на работата за купување опрема во странство да прибави согласност од Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, дадена во спогодба со Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, а по прибавено мислење од соодветното општо здружение. Сојузниот секретаријат за надворешна трговија оваа согласност ќе ја даде во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 170
30 април 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип,** с. р.

---

## 317.

Врз основа на член 27 став 2 точка 2 и став 4 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/76, 36/79, 52/79 и 12/82), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА ШТО СЕ ОСЛОБОДУВА ОД ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 27 СТАВ 2 ТОЧКА 2 ОД ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

1. Се ослободува од плаќање царина следната опрема што се увезува во смисла на член 27 став 2 точка 2 од Царинскиот закон, и тоа:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување | Количина — парчиња |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 85.15/1 | Предаватели и примопредаватели<br>Ех.<br>— Примопредавателен мобилен — центар | <br><br><br>1 |
| 85.15/7 | Радиотелефонски или радиотелеграфски приемници<br>Ех.<br>— Приемен мобилен центар | <br><br><br>1 |

2. Ова решение се применува на увозот што се врши почнувајќи од 12 мај 1981 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 169
22 април 1982 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Иво Марган,** с. р.

## 318.

Врз основа на член 59а од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 38/77 и 11/80), во врска со член 12 став 2 од Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 22/78), а по прибавено мислење од Сојузната заедница за работи на цените и од Општото здружение на индустријата на текстил и облека на Југославија, сојузниот секретар за пазар и општи стопански работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО АТЕСТИРАЊЕ НА ПАМУК

1. За задолжително атестирање на памук во смисла на Наредбата за задолжително атестирање на памук („Службен лист на СФРЈ“, бр. 4/79) подносителот на барањето за атестирање на памук плаќа надомест во износ од 0,20 динари за килограм трговска маса на памук, за едно испитување.

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 07-4019/5
27 април 1982 година
Белград

Сојузен секретар,
за пазар и општи
стопански работи,
**Имер Пуља,** с. р.

---

## 319.

Врз основа на член 329 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ“, бр. 23/78 и 20/79), Сојузниот комитет за сообраќај и врски издава

## НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА ВРЕМЕТО ВО КОЕ ВОЗДУХОПЛОВНИТЕ ПРИСТАНИШТА МОРААТ ДА БИДАТ ОТВОРЕНИ

1. Во Наредбата за времето во кое воздухопловните пристаништа мораат да бидат отворени („Службен лист на СФРЈ“, бр. 20/82) во точка 1, во табелата под реден број 12, во колона 5, бројот: „05,30“ се заменува со бројот: „06,30“ за обете места, а во колона 6 бројот: „19,30“ се заменува со бројот „20,30“, а бројот: „20,00“ со бројот: „21,00“.

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 2159/1
29 април 1982 година
Белград

Заменик—претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
**Авдо Звониќ,** с. р.

**320.**

Врз основа на член 33 од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/81), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита објавува

# СПИСОК

## НА ГОТОВИ ЛЕКОВИ ЗА ЧИЕ ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ Е ДАДЕНО ОДОБРЕНИЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 СЕПТЕМВРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 1981 ГОДИНА

Во периодот од 1 септември до 31 декември 1981 година е дадено одобрение за пуштање во промет на следните готови лекови:

| Реден број | Назив на лекот | Форма и пакување на лекот | Начин на издавање односно употреба на лекот | Производител на лекот | Број и датум на решението за пуштање во промет на лекот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | FEPROMARON (Phepromaronum) | таблети, 20 x 10 mg | Може да се издава со рецепт на лекар специјалист од соодветна гранка на медицината. Со исклучок, лекот може да се издава и со рецепт на друг лекар ако е назначено дека лекот е пропишан врз основа на мислењето на лекар специјалист од соодветна гранка на медицината | „Лек" — Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Љубљана | 07-2682/1 од 24 декември 1981 година |
| 2 | NELIT | прашок, 10 x 27,5 g | Може да се издава и без лекарски рецепт | „ | 07-3748/1 од 22 декември 1981 година |
| 3 | PENOPEN (Pheneticillinum) | сируп, 100 ml | „ | „Плива" — Фармацеутска, кемијска, прехранбена и козметичка индустрија — Загреб | 07-906/1-80 од 29 декември 1981 година |
| 4 | PENOPEN (Pheneticillinum) | таблети, 16 x 250 mg | „ | „Плива" — Фармацеутска, кемијска, прехранбена и козметичка индустрија — Загреб | 07-907/1-80 од 29 декември 1981 година |
| 5 | PENOPEN (Pheneticillinum) | таблети, 100 x 250 mg | „ | „ | 07-908/1-80 од 29 декември 1981 година |
| 6 | PENOPEN (Pheneticillinum) | таблети, 16 x 625 mg | „ | „ | 07-909/1-80 од 29 декември 1981 година |
| 7 | PIMIDEL (Acidum pipemidicum) | капсули, 100 x 200 mg | „ | „Крка" — Фармацевтика, кемија, козметика, здравилишче ин гостинство — Ново Место | 07-4024/1 од 30 декември 1981 година |
| 8 | PIMIDEL (Acidum pipemidicum) | капсули, 20 x 200 mg | „ | „ | 07-4023/1 од 30 декември 1981 година |
| 9 | RUDAKOL (Mebeverini hloridum) | дражеи, 50 x 135 mg | „ | „Подравка-Белупо" — Лијекови, козметички и кемијски производи, — Копривница | 07-1384/1 од 21 октомври 1981 година |
| 10 | RUDAKOL (Mebeverini hloridum) | дражеи, 100 x 135 mg | „ | „ | 07-1385/1 од 21 октомври 1981 година |
| 11 | TAMETIL (Domperidonum) | инјекции 10 mg 10 x 2 ml | „ | „Лек" — Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Љубљана | 0501-6188/1-79 од 26 декември 1981 година |
| 12 | TAMETIL (Domperidonum) | капки, 10 ml | „ | „ | 0501-6189/1-79 од 26 декември 1981 година |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 13 | TAMETIL (Domperidonum) | таблети, 30 x 10 ml | Може да се издава само со лекарски рецепт | „Лек“ — Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Љубљана | 0501-6192/1-79 од 26 декември 1981 година |
| 14 | TAMETIL (Domperidonum) | таблети, 100 x 10 mg | „ | „ | 0501-6190/1-79 од 26 декември 1981 година |
| 15 | TAMETIL (Domperidonum) | супозитории за деца, 6 x 10 mg | „ | „ | 0501-6191/1-79 од 26 декември 1981 година |
| 16 | TAMETIL (Domperidonum) | супозитории за деца, 6 x 30 mg | „ | „ | 0501-6841/1-79 од 26 декември 1981 година |
| 17 | TETRACYKLIN (Tetracyclinum) | капсули, 16 x 250 mg | „ | „Здравље“ — Фабрика фармацеутских и хемијских производа — Лесковац | 05-2072/1-80 од 8 јули 1981 година |
| 18 | TETRACYKLIN (Tetracyclinum) | капсули, 1000 x 250 | „ | „ | 05-2072/1-80 од 8 јули 1981 година |
| 19 | VOBENOL (Levothyroximum natricum) | таблети, 50 табл. | „ | „Лек“ — Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Љубљана | 07-2337/1 од 21 октомври 1981 година |

07 Бр. 590/1
24 февруари 1982 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за труд, здравство
и социјална заштита,
**Светозар Пеповски,** с. р.

**321.**

Врз основа на член 33 од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ“, бр. 9/81), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита објавува

## СПИСОК

### НА ГОТОВИ ЛЕКОВИ ВО НОВИ ФОРМИ, ПАКУВАЊА, ДОЗИ, НАЗИВИ, ПРОМЕНЕТ СОСТАВ И НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ, ЗА ЧИЕ ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ Е ДАДЕНО ОДОБРЕНИЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 СЕПТЕМВРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 1981 ГОДИНА

Во периодот од 1 септември до 31 декември 1981 година е дадено одобрение за пуштање во промет на следните готови лекови:

| Реден број | Назив на лекот | Форма и пакување на лекот | Начин на издавање односно употреба на лекот | Производител на лекот | Број и датум на решението за пуштање на лекот во промет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | ALMETEX | ампули, 30 амп. од 5 ml по 25 mg | мо со лекарски рецепт Може да се издава са- | „Алкалоид“ — Хемиска фармацевтска, козметичка индустрија — Скопје | 07-3826/1 од 16. X 1981. |
| 2 | ALMETEX | ампули, 30 амп. од 2 ml по 10 mg | „ | „ | 07-3827/1 од 16. X 1981. |
| 3 | ALMETEX | таблети, 20 x 25 mg | „ | „ | 07-3824/1 од 16. X 1981. |
| 4 | ALMETEX | капки, 20 ml | „ | „ | 07-3825/1 од 16. X 1981. |
| 5 | ALU-PLAST | компреси, 50 cm x 60 cm | Може да се издава и без лекарски рецепт | „Тосама“ — Товарна санитетнега материала — Домжале | 07-4555/1 од 30. XII 1981. |
| 6 | ALU-PLAST | компреси, 50 cm x 80 cm | „ | „ | 07-4554/1 од 30. XII 1981. |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | ALU-PLAST | компреси, 35 cm x 50 cm | Може да се издава и без лекарски рецепт | „Тосама" — Товарна санитетнега материала — Домжале | 07-4556/1 од 30. XII 1981. |
| 8 | AMINOPHYLLINUM (Aminophyllinum) | таблети, 50 x 100 mg | Може да се издава само со лекарски рецепт | „Лек" — Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Љубљана | 07-2395/1 од 17. XII 1981. |
| 9 | AMINOPHYLLINUM (Aminophyllinum) | ретард таблети, 20 x 350 mg | " | " | 07-2336/1 од 17. XII 1981. |
| 10 | ARBID | дражеи, 20 драж. | " | „Крка" — Фармацевтика, кемија, козметика, здравилишче ин гостинство — Ново Место | 07-4028/1 од 26. XI 1981. |
| 11 | ARTANE (Trihexyphenidyli chloridum) | таблети, 100 x 2 mg | " | „Inex-Hemofarm" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Вршац | 07-4083/1 од 22. IX 1981. |
| 12 | ARTANE (Trihexyphenidyli chloridum) | таблети, 100 x 5 mg | " | " | 07-4084/1 од 22. IX 1981. |
| 13 | ARTANE (Trihexyphenidyli chloridum) | таблети, 1000 x 2 mg | " | " | 07-4139/1 од 23. IX 1981. |
| 14 | ARTANE (Trihexyphenidyli chloridum) | таблети, 1000 x 5 mg | " | " | 07-4140/1 од 23. IX 1981. |
| 15 | BIVACYN | прашок стерилен, 50 g | " | „Лек" — Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Љубљана | 07-3795/1 од 1. X 1981. |
| 16 | BIVACYN | сува смеса за подготвување на раствор, 10 ml физиолошки раствор за подготвување на 10 ml раствор | " | " | 07-2676/1 од 1. X 1981. |
| 17 | CANESTEN 3 (Clotrimazolum) | вагиналети, 3 x 200 mg | " | „Bayer-Pharma Југославија" — Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Љубљана | 07-2752/1 од 17. XII 1981. |
| 18 | CANESTEN 3 (Clotrimazolum) | вагинален крем, 20 g | " | " | 07-2753/1 од 17. XII 1981. |
| 19 | CANESTEN (Clotrimazolum) | прашок, 30 g | " | " | 07-2754/1 од 17. XII 1981. |
| 20 | CANESTEN (Clotrimazolum) | спреј, 75 g | " | " | 07-2755/1 од 17. XII 1981. |
| 21 | FORTRAL (Pentazocinum) | ампули, 10 x 1 ml по 30 mg | Може да се употребува само во стационарни здравствени организации на здружен труд | „Крка" — Фармацевтика, кемија, козметика, здравилишче ин гостинство — Ново Место | 07-4085/1 од 23. IX 1981. |
| 22 | FORTRAL (Pentazocinum) | ампули, 10 x 2 ml по 60 mg | " | " | 07-4087/1 од 22. IX 1981. |
| 23 | FORTRAL (Pentazocinum) | таблети, 50 x 50 mg | " | " | 07-4036/1 од 22. IX 1981. |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 24 | FORTRAL (Pentazocinum) | таблети, 100 x 50 mg | Може да се употребува само во стационарни здравствени организации на здружен труд | „Крка“ — Фармацевтика, кемија, козметика, здравилишче ин гостинство — Ново Место | 07-4088/1 од 22. IX 1981. |
| 25 | GALIPYRIN | таблети, 20 табл. | Може да се издава само со лекарски рецепт | „Галеника“ — Фармацеутско-хемијска индустрија — Београд — Земун | 07-543/1 од 29. IX 1981. |
| 26 | GENTAMICIN (Gentamicinum) | инјекции, 10 x 40 mg (40.000 и. е.) | Може да се употребува само во здравствена организација на здружен труд. По исклучок, лекот може да се издава и со рецепт на друг лекар ако е назначено дека лицето претходно било лекувано со тој лек во здравствена организација на здружен труд | „Босналијек“ — Фармацеутска, хемијска и санитетска индустрија — Сарајево | 07-2978/1 од 24. IX 1981. |
| 27 | GENTAMICIN (Gentamicinum) | инјекции, 50 x 40 mg (40.000 и. е.) | „ | „ | 07-4193/1 од 30. IX 1981. |
| 28 | GENTAMICIN (Gentamicinum) | маст, 15 g | Може да се издава само со лекарски рецепт | „Лек“ — Товарна фармацевтских ин кемичних изделков — Љубљана | 07-3833/1 од 22. XII 1981. |
| 29 | HEXIFEN (Trihexyphenidyli chloridum) | таблети, 100 x 2 mg | „ | „Фармакос“ — Фабрика фармацеутских и хемијских производа — Призрен | 05-690/1-80 од 10. IX 1981. |
| 30 | HEXIFEN (Trihexyphenidyli chloridum) | таблети, 100 x 5 mg | „ | „ | 07-4082/1 од 22. IX 1981. |
| 31 | ISOSORB RETARD (Isosorbidi dinitras) | капсули, 60 x 40 mg | „ | „Здравље“ — Фабрика фармацеутских и хемијских производа — Лесковац | 07-3804/1 од 29. IX 1981. |
| 32 | LASDOL (Lysini acetylsalicylas) | инјекции, 6 шишиња сува супстанција и 6 ампули растворувач | „ | „Срболек“ — Радна организација за медицинско снабдевање — Београд | 07-1459/1 од 15. IX 1981. |
| 33 | LASDOL (Lysini acetylsalicylas) | инјекции, 30 шишиња сува супстанција и 30 ампули растворувач | „ | „ | 07-1458/1 од 15. IX 1981. |
| 34 | MACROPEN (Midecamycinum) | Прашок за подготвување суспензија за деца, 10 x 2 g | „ | „Крка“ — Фармацевтика, кемија, козметика, здравилишче ин гостинство — Ново Место | 07-4029/1 од 21. XII 1981. |
| 35 | OSPEN 750 (Phenoxymethyl-penicillinum) | сируп, 150 ml | „ | „ | 07-4027/1 од 9. X 1981. |
| 36 | PLIVIT C (Acidum ascorbicum) | таблети, 30 x 50 mg | Може да се издава и без лекарски рецепт | „Плива“ — Фармацеутска, кемијска, прехрамбена и козметичка индустрија — Загреб | 07-1262/1 од 24. IX 1981. |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 37 | SINACILIN (Amoxicillinum) | сува смеса за подготвување на капки за деца, 2 g амоксицилин за подготвување на 20 ml суспензија, со додавање на 13 ml прочистена вода | Може да се издава само со лекарски рецепт | „Галеника" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Београд — — Земун | 07-967/1 од 16. X 1981. |
| 38 | SINACILIN (Amoxicillinum) | сува смеса за подготвување на суспензија за орална употреба, 5 g амоксицилин за подготвување на 100 ml суспензија, со додавање на 66 ml прочистена вода | „ | „ | 07-540/1 од 16. X 1981. |
| 39 | SINACILIN (Amoxicillinum) | капсули, 16 x 250 mg | „ | „ | 07-966/1 од 16. X 1981. |
| 40 | SINEQUAN (Doxepinum) | капсули, 30 x 75 mg | „ | „Алкалоид" — Хемиска фармацевтска, козметичка индустрија — Скопје | 07-396/1 од 23. XII 1981. |
| 41 | SINEQUAN (Doxepinum) | капсули, 100 x 75 mg | „ | „ | 07-395/1 од 21. X 1981. |
| 42 | STEDRILI 50 | дражеи, 21 драж. | „ | „ | 05-4792/1-80 од 21. X 1981. |
| 43 | STEDIRIL 50 | дражеи, 3 x 21 драж. | „ | „ | 05-4791/1-80 од 21. XI 1981. |
| 44 | SULPIRID-50 (Sulpiridum) | капсули, 30 x 50 mg | „ | „Здравље" — Фабрика фармацеутских и хемијских производа — Лесковац | 07-2500/1 од 28. XII 1981. |
| 45 | SULPIRID-200 (Sulpiridum) | таблети, 12 x 200 mg | Лекот може да се издава со рецепт на лекар специјалист од соодветна гранка на медицината. По исклучок, лекот може да се издава и со рецепт на лекар по општа медицина само ако е назначено дека лекот е пропишан врз основа на мислење на лекар-специјалист од соодветна гранка на медицината | „ | 07-2499/1 од 28. XII 1981. |

**Забелешка:** Лековите под ред. бр. 11, 12, 13, 14, 21, 22, 23, 24, 29 и 30 спаѓаат во опојни droги, па нивното пропишување и издавање мора да се врши согласно со одредбите на Правилникот за начинот на пропишување и издавање на лекови и на Правилникот за измени на Правилникот за начинот на пропишување и издавање на лекови („Службен лист на СФРЈ", бр 34/77 и 36/79).

07 Бр. 591/1
24 февруари 1982 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за труд, здравство
и социјална заштита,
**Светозар Пеповски, с. р.**

322.

Врз основа на член 32 став 1 од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ“, бр. 58/76), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита објавува

# СПИСОК

## НА ГОТОВИ ЛЕКОВИ И ФОРМИ И ПАКУВАЊА НА ГОТОВИТЕ ЛЕКОВИ ЗА КОИ Е ДОНЕСЕНО РЕШЕНИЕ ЗА УКИНУВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕТО ЗА ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 СЕПТЕМВРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 1981 ГОДИНА

Во периодот од 1 септември до 31 декември 1981 година се укинати одобренијата за пуштање во промет на следните готови лекови:

| Реден број | Назив на лекот | Форма и пакување на лекот | Производител на лекот | Број и датум на одобрението за пуштање на лекот во промет | Број и датум на решението за укинување на одобрението за пуштање на лекот во промет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | ACYNORM forte | дражеи, 30 драж. | „Крка“ — Фармацевтика, кемија, козметика здравилишче ин гостинство — Ново Место | 6-4424/1 од 7. XII 1973. | 07-4221/1 од 12. X 1981. |
| 2 | ALBOTHYL | концентрат, 50 ml | „Босналијек“ — Фармацеутска, хемијска и санитетска индустрија — Сараево | 05-343/1 од 26. III 1969. | 07-5153/1 од 31. XII 1981. |
| 3 | ALFURAN | таблети, 50 x 100 mg | „Алкалоид“ — Хемиска, фармацевтска, козметичка индустрија — Скопје | 108-141/1 од 10. XI 1962. | 07-1713/1 од 16. IX 1981. |
| 4 | AMINOPYRIN | таблети, 10 x 0,1 g | „Галеника“ — Фармацеутско-хемијска индустрија — Београд — Земун | 05-5856/1 од 18. X 1979. | 07-4636/1-81 од 28. XII 1981. |
| 5 | AMINOSTERIL L | pediatric, раствор за инфузии 250 ml | „Inex-Hemofarm“ — Фармацеутско-хемијска индустрија — Вршац | 05/2-1096/1 од 13. V 1975. | 07-2968/1 од 16. IX 1981. |
| 6 | AMOXIL | сува смеша за подготовка на сируп, 125 mg | „Плива“ — Фармацеутска, кемијска, прехрамбена и козметичка индустрија — Загреб | 313/1 од 1. XI 1974. | 05-2966/1-80 од 16. IX 1981. |
| 7 | ANTIPERNICIN | ампули, 3 x 1 ml по 50 гама | „Галеника“ — Фармацеутско хемијска индустрија — Београд — Земун | 09-1905/1-59 од 18. VI 1960. | 05-4409/1 од 16. IX 1981. |
| 8 | ANTIPERNICIN | ампули, 3 x 1 ml по 100 гама | „ | 09-1904/1-59 од 18. VI 1960. | 05-4411/1 од 16. IX 1981. |
| 9 | ANTIPERNICIN | ампули, 3 x 1 ml по 1000 гама | „ | 16-451/1 од 21. XI 1963. | 07-4634/1-81 од 30. XII 1981. |
| 10 | ARTANE DEPO | капсули, 30 x 5 mg | „Inex-Hemofarm“ — Фармацеутско-хемијска индустрија — Вршац | 08-3936/1 од 22. IX 1970. | 07-2969/1 од 16. IX 1981. |
| 11 | ARTANE DEPO | капсули, 100 x 5 mg | „ | 08-3936/2 од 22. IX 1970. | 07-2970/1 од 16. IX 1981. |
| 12 | BONOPEN | капсули, 16 x 125 mg | „Подравка-Белупо“ — Лијекови, козметички и кемијски производи — Копривница | 05/2-1252/1 од 24. IV 1975. | 07-2917/1 од 16. IX 1981. |
| 13 | BONOPEN | капсули, 100 x 125 mg | „ | 05/2-1252/2 од 24. IV 1975. | 07-2922/1 од 16. IX 1981. |
| 14 | BONOPEN | капсули, 500 x 125 mg | „ | 05/2-2481/1 од 9. VII 1975. | 07-2921/1 од 16. IX 1981. |
| 15 | BONOPEN | сув желе, 20 x 100 mg | „ | 2250/1 од 10. XII 1974. | 07-2920/1 од 16. IX 1981. |
| 16 | BUFORMIN | таблети, 20 x 50 mg | „ | 08-97/1-71 од 23. X 1972. | 07-2919 од 16. IX 1981. |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 17 | BUFORMIN | таблети, 50 x 50 mg | „Подравка-Белупо" — Лијекови, козметички и кемијски производи — Копривница | 08-97/2-71 од 23. X 1972. | 07-2916 од 16. IX 1981. |
| 18 | BUFORMIN | таблети, 500 x 50 mg | „ | 08-97/3-71 од 23. X 1972. | 07-2918 од 16. IX 1981. |
| 19 | BUFORMIN | ретард капсули, 50 x 100 mg | „ | 6-4474/2 од 23. X 1972. | 07-2914 од 16. IX 1981. |
| 20 | BUFORMIN | ретард капсули, 500 x 100 mg | „ | 6-4474/3 од 23. X 1972. | 07-2915 од 16. IX 1981. |
| 21 | CHLORAMPHENICOL | за парентерална употреба, шиш. 1 x 1 g | „Галеника" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Београд — Земун | 05-1802/1 од 8. X 1968. | 07-4624/1-81 од 28. XII 1981. |
| 22 | DESCRESEPT | маст, 30 g | „Inex-Hemofarm" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Вршац | 05-1360/1-68 од 10. VIII 1970 | 07-2971/1 од 16. IX 1981. |
| 23 | DIAMOX | ампули, 1 x 500 mg | „ | 08-6758/1-70 од 25. I 1971. | 07-2957/1 од 16. IX 1981. |
| 24 | DIAMOX | ампули, 10 x 500 mg | „ | 08-6758/2-70 од 25. I 1971. | 07-2956/1 од 16. IX 1981. |
| 25 | DIAMOX DEPO | капсули, 100 x 500 mg | „ | 08-2634/2 од 22. IX 1970 | 07-2973/1 од 16. IX 1981. |
| 26 | DIBEFEN | дражеи, 30 драж. | „ | 09-682/1-60 од 30 XII 1960. | 07-2976/1 од 16. IX 1981. |
| 27 | DOKSICIKLIN | таблети, 6 x 100 mg | „Подравка-Белупо" — Лијекови, козметички и кемијски производи — Копривница | 05-4753/1-79 од 30. I 1980. | 07-2913/1 од 16. IX 1981. |
| 28 | DOKSICIKLIN | таблети, 25 x 100 mg | „ | 05-4754/1-79 од 30. I 1980. | 07-2912/1 од 16. IX 1981. |
| 29 | DOKSICIKLIN | таблети, 100 x 100 mg | „ | 05-4755/1-79 од 30. I 1980. | 07-2911/1 од 16. IX 1981. |
| 30 | ETAMBUTOL | таблети, 100 x 100 mg | „Галеника" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Београд — Земун | 2583/1 од 26. XI 1974. | 07-2928/1 од 16. IX 1981. |
| 31 | ERIGALIN | гранулат за подготовка на суспензија 60 ml | „ | 0502-6228/1-77 од 12. V 1978. | 07-2925/1 од 16. IX 1981. |
| 32 | ERIGALIN | таблети, 16 x 250 mg | „ | 0502-6227/1-77 од 12. V 1978. | 07-2926/1 од 16. IX 1981. |
| 33 | HICONCIL | сува смеша за подготовка на суспензија 60 ml | „Крка" — Фармацевтика, кемија, козметика, здравилишче ин гостинство — Ново Место | 05/2-2051/1 од 29. VII 1976. | 07-4897/1-81 од 28. XII 1981. |
| 34 | INSIDON | дражеи, 30 x 50 mg | „Плива" — Фармацеутска, кемијска, прехранбена и козметичка индустрија — Загреб | 08-1593/1-71 од 14. I 1972. | 05-4204/1-80 од 16. IX 1981. |
| 35 | INTRINSIC FAKTOR | таблети, 60 табл. | „ | 6-1774/1 од 26. VII 1972. | 05-4205/1-80 од 16. IX 1981. |
| 36 | IRGAPYRIN | дражеи, 20 драж. | „ | 08-1610/1-71 од 14. I 1972. | 05-4206/1-80 од 16. IX 1981. |
| 37 | ISOLANID | капки, 10 ml | „Inex-Hemofarm" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Вршац | 05-6552/1-69 од 19. III 1970. | 07-2966/1 од 16. IX 1981. |
| 38 | ISOLANID | ампули, 5 x 2 ml | „ | 05-6551/1-69 од 19. III 1970. | 07-2974/1 од 16. IX 1981. |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 39 | ISOLANID | ампули, 10 x 2 ml | „Inex-Hemofarm" — фармацеутско-хемијска индустрија — Вршац | 05-6551/2-69 од 19. III 1970. | 07-2975/1 од 16. IX 1981. |
| 40 | ISOLANID | капки, 100 ml | „ | 05-6552/2-69 од 19. III 1970. | 07-2965/1 од 16. IX 1981. |
| 41 | KINETOSIN | ампули, 10 x 2 ml | „ | 15/II-564/1-66 од 25. III 1969. | 07-2942/1 од 16. IX 1981. |
| 42 | KINETOSIN | ампули, 50 x 2 ml | „ | 15/II-564/1-66 од 25. III 1969. | 07-2941/1 од 16. IX 1981. |
| 43 | KINETOSIN | дражеи, 10 драж. | „ | 15/II-565/1-66 од 25. III 1969. | 07-2944/1 од 16. IX 1981. |
| 44 | KINETOSIN | дражеи, 250 драж. | „ | 15/II-565/2-66 од 25. III 1969. | 07-2943/1 од 16. IX 1981. |
| 45 | LUTESTROL | ампули, 3 x 1 ml | „Галеника" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Београд — Земун | 462/18 од 13. II 1958. | 07-4630/1-81 од 30. XII 1981. |
| 46 | LUTOTEST forte | ампули, 3 x 1 ml | „ | 09-1892/1-59 од 18. VI 1960. | 07-4619/1-81 од 28. XII 1981. |
| 47 | MELLERIL retart | таблети, 1000 x 200 mg | „Босналијек" — Фармацеутска, хемијска и санитетска индустрија — Сарајево | 05-299/3 од 13. III 1969. | 07-3366/1 од 16. IX 1981. |
| 48 | MOTOLON | таблети, 20 x 0,1 g | „Inex-Hemofarm" — фармацеутско-хемијска индустрија — Вршац | 15-515-448/1-64 од 17. IX 1965. | 07-2962/1 од 16. IX 1981. |
| 49 | NIRVAL | гранулат, 100 g | „Плива" — Фармацеутска, кемијска, прехранбена и козметичка индустрија — Загреб | 2244/56 од 20. IV 1957. | 05-4207/1-80 од 16. IX 1981. |
| 50 | NIZON | таблети, 10 x 2,5 mg | „Босналијек" — Фармацеутска, хемијска и санитетска индустрија — Сарајево | 88/2 од 3. III 1958. | 07-3367/1 од 16. IX 1981. |
| 51 | NOVERIL | инјекции, 50 x 2 ml по 40 mg | „ | 6-74/2 од 19. II 1974. | 07-3365/1 од 16. IX 1981. |
| 52 | OESTROTEST | ампули, 3 x 1 ml | „Галеника" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Београд — Земун | 462/11 од 13. II 1958. | 07-4629/1-81 од 29. XII 1981. |
| 53 | OESTROTEST forte | ампули, 3 x 1 ml | „ | 860 од 15. X 1954. | 07-4617/1-81 од 29. XII 1981. |
| 54 | OKSIMICIN B | дражеи 16 драж. | „Inex-Hemofarm" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Вршац | 08-1559/1 од 28. V 1971. | 07-2963/1 од 16. IX 1981. |
| 55 | OKSIMICIN B | дражеи, 100 драж. | „ | 08-1559/2 од 28. V 1971. | 07-2964/1 од 16. IX 1981. |
| 56 | OTOMYCIN | капки за уво 10 ccm | „Плива" — Фармацеутска, кемијска, прехранбена и козметичка индустрија — Загреб | 09-70/1 од 24. III 1960. | 07-4208/1-80 од 16. IX 1981. |
| 57 | OSPEN 750 | сируп, 100 ml | „Крка" — Фармацевтика, кемија, козметика, здравилиштче ин гостинство — Ново Место | 0502-1262/1 од 12. V 1978. | 07-4828/1-81 од 28. XII 1981. |
| 58 | PALITREX | капсули, 100 x 250 mg | „Галеника" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Београд — Земун | 05/2-4626/2-75 од 16. I 1976. | 07-4627/1-81 од 29. XII 1981. |
| 59 | PALITREX | капсули, 100 x 500 mg | „ | 05/2-4627/2-75 од 16. I 1976. | 07-4628/1-81 од 29. XII 1981. |
| 60 | PANZYNORM forte | дражеи, 30 драж. | „Крка" — Фармацевтика, кемија, козметика, здравилиштче ин гостинство — Ново Место | 08-2750/1-71 од 21. VI 1972. | 07-4220/1 од 12. X 1981. |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 61 | PENTETRAZOL | капки, 10 ml | „Inex-Hemofarm" — Фармацеутско-хемиска индустрија — Вршац | 05-6539/1 од 3. XII 1979. | 07-2940/1 од 16. IX 1981. |
| 62 | PENTREXYL | капсули, 100 x 250 mg | „Галеника" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Београд — Земун | 08-6542/1 од 8. IX 1971. | 07-4638/1-81 од 29. XII 1981. |
| 63 | PENTREXYL | капсули, 100 x 500 mg | „ | 6-394/1 од 16. IV 1974. | 07-4622/1-81 од 29. XII 1981. |
| 64 | PERIACTIN | сируп, 100 ml | „Лек" — Товарна фармацевтских ин хемичних изделков — Љубљана | 08-261/1 од 21. IX 1970. | 07-4832/1-81 од 29. XII 1981. |
| 65 | PERIACTIN | таблети, 20 x 4 mg | „ | 08-1458/1 од 22. IX 1970. | 07-4831/1-81 од 29. XII 1981. |
| 66 | PROCAINI HYDROCHLORIDUM | ампули, 10 x 5 ml | „Југоремедија" — Фабрика лекова у саставу ИПК „Серво Михаљ" — Зрењанин | 15/II-989/1 од 2. X 1967. | 07-1166/1 од 16. IX 1981. |
| 67 | PROGESTERON DEPO | ампули, 1 x 1 ml по 65 mg | „Галеника" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Београд — Земун | 09-3051/1 од 15. IX 1959. | 07-4639/1-81 од 29. XII 1981. |
| 68 | PROGESTERON DEPO | ампули, 1 x 1 ml по 125 mg | „ | 09-3050/1 од 15. IX 1959. | 07-4620/1-81 од 29. XII 1981. |
| 69 | PROGESTERON DEPO | ампули, 1 x 1 ml по 250 mg | „ | 09-3049/1 од 15. IX 1959. | 07-4526/1-81 од 29. XII 1981. |
| 70 | PROSTAPHLIN-A | капсули, 100 x 250 mg | „ | 05/2-1848/1 од 28. VII 1976. | 07-4637/1-81 од 29. XII 1981. |
| 71 | PROSTAPHLIN-A | сува супстанција за парентерална употреба, 10 x 250 mg | „ | 05-3942/1 од 25. XII 1968. | 07-4621/1-81 од 29. XII 1981. |
| 72 | RECOSEN | ампули, 5 x 1 ml | „Inex-Hemofarm" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Вршац | 15/II-2028/1-67 од 5. III 1968. | 07-2960/1 од 16. IX 1981. |
| 73 | RECOSEN | ампули, 50 x 1 ml | „ | 15/II-2028/2-67 од 5. III 1968. | 07-2961/1 од 16. IX 1981. |
| 74 | RECOSEN | дражеи, 30 драж. | „ | 15/II-2029/1-67 од 5. III 1968. | 07-2958/1 од 16. IX 1981. |
| 75 | RECOSEN | дражеи, 250 драж. | „ | 15/II-2029/2-67 од 5. III 1968. | 07-2959/1 од 16. IX 1981. |
| 76 | RENAMID | таблети, 10 табл. | „Плива" — Фармацеутска, кемијска, прехранбена и козметичка индустрија — Загреб | 295/2 од 3. IV 1953. | 05-4212/1-80 од 16. IX 1981. |
| 77 | RIFADIN | суспензија, 60 ml | „Галеника" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Београд — Земун | 6-5307/1-73 од 16. IV 1974. | 07-4615/1-81 од 30. XII 1981. |
| 78 | RIFADIN | капсули, 100 x 250 mg | „ | 05-124/2 од 25. III 1969. | 07-4618/1-81 од 29. XII 1981. |
| 79 | RIFADIN | капсули, 100 x 300 mg | „ | 05-554/2 од 25. III 1969. | 07-4631/1-81 од 30. XII 1981. |
| 80 | RIFOCIN | ампули, 1 x 1,5 ml | „ | 15-515-136/1 од 25. IV 1964. | 07-4632/1-81 од 28. XII 1981. |
| 81 | RIPASON | ампули, 10 x 2 ml | „Inex-Hemofarm" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Вршац | 15-723/1 од 28. XII 1966. | 07-2952/1 од 16. IX 1981. |
| 82 | RIPASON | ампули, 50 x 2 ml | „ | 15-723/2 од 28. XII 1966. | 07-2951/1 од 16. IX 1981. |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 83 | RIPASON | дражеи, 30 x 0,2 g | „Inex-Hemofarm" — фармацеутско-хемијска индустрија — Вршац | 15-515-426/1-64 од 27. I 1965. | 07-2955/1 од 16. IX 1981. |
| 84 | RIPASON | дражеи, 250 x 0,2 g | „ | 15-515-426/2-64 од 27. I 1965. | 07-2954/1 од 16. IX 1981. |
| 85 | RIPASON | дражеи, 500 x 0,2 g | „ | 15-515-426/3-64 од 27. I 1965. | 07-2953/1 од 16. IX 1981. |
| 86 | SEPTOL | раствор, 50 g | „ | 15-515-170/1 од 15. IV 1964. | 07-2949/1 од 16. IX 1981. |
| 87 | SEPTOL | раствор, 100 g | „ | 15-515-170/2 од 15. IV 1964. | 07-2950/1 од 16. IX 1981. |
| 88 | SEPTOL | раствор, 500 g | „ | 15-515-170/3 од 15. IV 1964. | 07-2948/1 од 16. IX 1981. |
| 89 | SILAPEN-200 | сируп, 100 ml | „Подравка-Белупо" — Лијекови, козметички и кемијски производи — Копривница | 2253/1 од 10. XII 1974. | 07-2910/1 од 16. IX 1981. |
| 90 | SYNALAR FORTE | крем, туба 5 g | „Галеника" — Фармацеутско-кемијска индустрија — Београд — Земун | 08-1782/1 од 20. VIII 1970. | 07-4625/1-81 од 30. XII 1981. |
| 91 | STERIGAL | алкохолен раствор, 100 ml | „ | 05-2429/1-80 од 12. V 1981. | 07-2930/1 од 16. IX 1981. |
| 92 | STERIGAL | алкохолен раствор 500 ml | „Галеника" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Београд — Земун | 05-204/1 од 15. IV 1980. | 07-2929/1 од 16. IX 1981. |
| 93 | TETRACYCLIN B | капсули, 8 капс. | „Inex-Hemofarm" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Вршац | 08-6607/1 од 25. XII 1970. | 07-2947/1 од 16. IX 1981. |
| 94 | THYBON | таблети, 30 x 0,2 mg | „Југоремедија" — Фабрика лекова, у саставу ИПК „Серво Михаљ" — Зрењанин | 6-3230/1 од 7. XII 1973. | 07-1169/1 од 16. IX 1981. |
| 95 | UNAZID K | дражеи, 20 драж. | „Плива" — Фармацеутска, кемијска, прехрамбена и козметичка индустрија — Загреб | 15-515-95/1-65 од 31. III 1965. | 05-4218/1-80 од 16. IX 1981. |
| 96 | VIAROX | аеросол за инхалација, 12 mg | „Подравка-Белупо" — Лијекови, козметички и кемијски производи — Копривница | 05/2-3990/1 од 10. V 1976. | 07-2908/1 од 16. IX 1981. |
| 97 | VITAMIN A | маслен раствор, 10 ml | „Inex-Hemofarm" — Фармацеутско-хемијска индустрија — Вршац | 09-579/1 од 30. XII 1960. | 07-2946/1 од 16. IX 1981. |
| 98 | VITAMIN A | маслен раствор, 100 ml | „ | 09-136/1 од 30. III 1961. | 07-2945/1 од 16. IX 1981. |
| 99 | XYLOCAIN-EPINEPHRIN 2% | ампули, 100 x 2 ml | „Босналијек" — Фармацеутска, хемијска и санитетска индустрија — Сараево | 461/1 од 27. III 1958. | 07-3579/1 од 16. IX 1981. |

07-592/1
24 февруари 1982 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за труд, здравство
и социјална заштита,
**Светозар Пеповски**, с. р.

**323.**

Врз основа на член 33 од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/81), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита објавува

## ДОПОЛНЕНИЕ НА СПИСОКОТ

### НА ГОТОВИ ЛЕКОВИ ВО НОВИ ФОРМИ, ПАКУВАЊА И НАЗИВИ, ПРОМЕНЕТ СОСТАВ И НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ, ЗА ЧИЕ ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ Е ДАДЕНО ОДОБРЕНИЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 АВГУСТ 1981 ГОДИНА

Во списокот на готови лекови во нови форми, пакувања и називи, променет состав и начин на издавање за чие пуштање во промет е дадено одобрение во периодот од 1 јануари до 31 август 1981 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/82), по редниот број 44 се додава нов текст, кој гласи:

| Реден број | Назив на лекот | Форма и пакување на лекот | Начин на издавање, односно употреба на лекот | Производител на лекот | Број и датум на решението за пуштање во промет на лекот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 44а | VASOFLEX (Prazosini chloridum) | таблети, 60 x 5 mg | Може да се издава само со лекарски рецепт | „Алкалоид" — Хемиска, фармацевтска, козметичка индустрија — Скопје | 05-4270/1 од 10 IV 1981 |

07 Бр. 1856/2
24 февруари 1982 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за труд, здравство
и социјална заштита,
**Светозар Пеповски, с. р.**

**324.**

Врз основа на член 59 став 5 од Законот за царинската служба („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/80), директорот на Сојузната управа за царини пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА РАБОТНИЦИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ЦАРИНСКАТА СЛУЖБА

**I. Основни одредби**

Член 1

Службената легитимација на работниците на органите на царинската служба (во натамошниот текст: службената легитимација) им се издава на работниците на органите на царинската служба што работат на задачи и работи на царинска контрола на прометот со странство, царинење на стоки и царински надзор, царинско-управна и прекршочна постапка и надзор над работата на царинарниците, како и на ревизиони и други задачи и работи каде што тоа го бара природата на задачите и работите.

Член 2

Имателот на службената легитимација е овластен, од името на органот на царинската служба чиј работник е, а во границите на своите службени овластувања, да постапува врз основа на одредбите од Царинскиот закон, од Законот за царинската служба и од други прописи со кои се утврдени надлежноста и начинот на работа на органите на царинската служба.

Член 3

Службената легитимација важи на целата територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

**II. Содржина и форма на службената легитимација**

Член 4

Службената легитимација содржи:

1) грб на СФРЈ и назив „Службена легитимација";

2) фотографија на имателот на службената легитимација, големина 55x35 mm, преку која е втиснат печат на Сојузната управа за царини, а под фотографијата своерачен потпис на имателот на службената легитимација.

3) натпис „Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузна управа за царини", регистарски број и серија;

4) име и презиме на имателот на службената легитимација и назначување на органот на царинската служба во кој тој работи;

5) место и датум на издавањето на службената легитимација, печат на Сојузната управа за царини и потпис на директорот на Сојузната управа за царини;

6) место за заверка на важењето на службената легитимација;

7) текст: „Имателот на оваа службена легитимација е овластен, од името на органот на царинската служба чиј работник е, а во границите на своите службени овластувања, да ги врши сите дејствија во

царинската постапка врз основа на одредбите од Царинскиот закон, од Законот за царинската служба и од други прописи со кои се утврдени надлежноста и начинот на работа на органите на царинската служба.

Член 5

Димензиите на службената легитимација се 100 x 68 mm.

Кориците на службената легитимација се обложени со кожа или со скај во црна боја, а листовите се во зелена боја, од вредносна хартија со воден филигран.

Член 6

Службената легитимација се издава на образецот О, кој е отпечатен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

## III. Издавање и заверка на службената легитимација

Член 7

Службената легитимација ја издава директорот на Сојузната управа за царини (во натамошниот текст: директорот).

Член 8

Заверка на важењето на службената легитимација за работниците на Сојузната управа за царини и за управниците на царинарниците врши директорот, а за работниците во царинарницата — управникот на царинарницата.

Заверка на важењето на службената легитимација се врши за период од две години.

## IV. Одземање и одбивање заверка на важењето на службената легитимација

Член 9

Службената легитимација ќе му се одземе на работникот, односно ќе се одбие заверка на важењето на таа легитимација во случаите утврдени со Законот за царинската служба.

Решение за одземање на службената легитимација односно одбивање заверка на важењето на таа легитимација, за работниците на Сојузната управа за царини и за управниците на царинарниците донесува директорот, а за работниците во царинарницата управникот на царинарницата.

Против решението од став 2 на овој член може да се поднесе приговор до директорот на Сојузната управа за царини во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението.

Приговорот не го задржува извршувањето на решението.

Решението донесено по приговорот е конечно.

Член 10

Работникот е должен службената легитимација да му ја врати на органот на царинската служба во кој работи во рок од 48 часа од денот на донесувањето на решението од член 9 став 2 на овој правилник.

## V. Престанување на важењето на службената легитимација

Член 11

Службената легитимација престанува да важи:

1) кога на имателот на службената легитимација ќе му престане работниот однос во органот на царинската служба.

2) ако работникот се распореди на други задачи и работи за чие вршење не е пропишано поседување на службената легитимација;

3) во случај на смрт на имателот на службената легитимација;

Член 12

Службената легитимација престанува да важи и ако се изврши нејзина замена.

Службената легитимација ќе се замени:

1) кога ќе дотрае или ќе стане неупотреблива поради оштетување;

2) ако се загуби или исчезне на друг начин;

3) кога имателот на легитимацијата ќе го промени името или презимето.

Член 13

Службената легитимација што престанува да важи ја уништува комисија што ја формира директорот на Сојузната управа за царини, односно управникот на царинарницата.

Службените легитимации се уништуваат на крајот на секоја календарска година, за што комисијата од став 1 на овој член составува записник.

Член 14

Кога ќе настапи една од причините за замена на легитимацијата од член 12 на овој правилник, работникот е должен за тоа веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа, писмено да ја извести Сојузната управа за царини, односно царинарницата и писмено да го образложи исчезнувањето, односно причината за замената на легитимацијата.

Загубената или на друг начин исчеснатата легитимација имателот ја огласува за неважечка во „Службен лист на СФРЈ" заради бришење од евиденцијата за издадените службени легитимации.

Службената легитимација се заменува во Сојузната управа за царини со поднесување докази за комисиското уништување на дотраената легитимација, односно за огласувањето на исчезнувањето на легитимацијата, односно за промената на името и презимето на имателот на таа легитимација.

## VI. Евиденција за службените легитимации

Член 15

Евиденцијата за службените легитимации ја води Сојузната управа за царини во книгата за службените легитимации во која се запишуваат: името и презимето на имателот на службената легитимација, називот на органот на царинската служба во кој работи, регистарскиот односно серискиот број, датумот на издавањето и бројот и датумот на потврдата на царинарницата за приемот на легитимацијата.

Освен податоците од став 1 на овој член, царинарниците — за работниците на царинарниците и Сојузната управа за царини — за управниците и работниците на Сојузната управа за царини, водат евиденција и за датумот на одземањето или за ускратувањето заверка на важењето, за датумот на престанувањето на важењето, односно уништувањето на службената легитимација и за бројот и датумот на потврдата за приемот на легитимацијата.

## VII. Други одредби

Член 16

Работникот на органот на царинската служба е должен за време на вршењето на службената должност да ја носи со себе службената легитимација и да ја покаже таа легитимација ако тоа се бара од него.

Член 17

Службената легитимација не смее да им се дава на послуга на други лица на органот на царинската служба, како ни на други лица.

Член 18

Работникот на органот на царинската служба е должен службената легитимација да ја чува со посебно внимание.

**VIII. Завршни одредби**

Член 19

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за службената легитимација на работниците на царинската служба („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/71).

Член 20

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 305
11 јануари 1982 година
Белград

Директор
на Сојузната управа
за царини,
**Звонко Пошкиќ**, с. р.

**Образец О**

ОБРАЗЕЦ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА РАБОТНИЦИТЕ НА ЦАРИНСКАТА СЛУЖБА

(димензии 100 × 68 mm)

(прва страна на кориците)

Грб на СФРЈ

СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА

(втора страна на кориците)

Место за фотографија
димензии 55 × 35 mm)
Своерачен потпис,

---

(прва внатрешна страна)

СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА
СОЈУЗНА УПРАВА ЗА ЦАРИНИ
СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА

Серија ——— Рег. бр. ———

(втора внатрешна страна)

---

(име и презиме)

е работник на ————
(назив на царинскиот орган)

Белград ———— 198—— година

(МП)

Директор,

---

(трета внатрешна страна)

Важи за годината, 198—— Важи за годината 198——

(МП)

(со 10 рубрики за заверка)

(четврта внатрешна страна и трета страна на кориците)

Имателот на оваа легитимација е овластен, од името на царинскиот орган чиј работник е, а во границите на своите службени овластувања, да ги врши сите дејствија во царинската постапка врз основа на одредбите од Царинскиот закон, од Законот за царинската служба и од другите прописи со кои се регулирани надлежноста и начинот на работата на органите на царинската служба.

(четврта страна на кориците — празна)

---

## 325.

Врз основа на член 58 став 3 од Законот за царинската служба („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/80), директорот на Сојузната управа за царини пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА СЛУЖБЕНАТА ОБЛЕКА НА РАБОТНИЦИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ЦАРИНСКАТА СЛУЖБА

**I. Основни одредби**

Член 1

Со овој правилник се пропишува кројот, бојата, службените ознаки, времето на траење и начинот на користењето на службената облека на работниците на органите на царинската служба (во натамошниот текст: службената облека).

Член 2

Службената облека, зависно од сезоната, е зимска или летна.

Зимската сезона почнува на 15 октомври, а се завршува на 31 март наредната година, а летната сезона почнува на 1 април, а се завршува на 14 октомври во таа година.

Зависно од климатските или временските прилики на подрачјето на определена царинарница, управникот на царинарницата може да реши зимската односно летната службена облека да може да се носи и надвор од периодот утврден во став 2 на овој член.

Член 3

Зимската службена облека за мажи се состои од: шапка, сако, панталони (два чифта), чизми односно чевли, мантил со качулка и влошка од вештачко крзно, волнен пуловер без ракави, волнен шал и кожени ракавици.

Летната службена облека за мажи се состои од: шапка, сако, панталони (два чифта), кошула (две), кравата (две) и чевли.

Член 4

Зимската службена облека за жени се состои од: баретка, горен дел од костим (жакет), здолниште (две) или панталони (два чифта), кошула (две),

кравата (две), чизми односно чевли, мантил со качулка и влошка од вештачко крзно, волнен пуловер без ракави, волнен шал и кожени ракавици.

Летната службена облека за жени се состои од: баретка, горен дел од костим (жакет), здолниште (две), кошула (две), кравата (две) и чевли.

## II. Боја и крој на службената обелка

Член 5

Шапката односно баретката, сакото односно горниот дел од костимот (жакетот), панталоните или здолништето на зимската службена облека, волнениот пуловер, шалот и мантилот се во маслинеста боја.

Кошулата е во светлокостенлива боја, а за работниците што работат на воздухопловни пристаништа — во бела боја.

Краватата е во темнокостенлива боја.

Чизмите односно чевлите се во темнокостенлива боја.

Член 6

Службената облека го има следниот крој:

1) шапката има стандарден марински крој, со сончобран од пластична маса, кој по работ е опшиен со кожа и е свиткан за 40° и има златна плетенка (ширит) и соодветен подбрадник прицврстен со две мали копчиња.

2) баретката има стандарден крој;

3) сакото е кроено во половина, со едноредно закопчување на четири копчиња и со соборени ревери. Се состои од два предни и два задни дела. Задните делови се споени со раб, кој во долниот дел се завршува со разрез. Должината на сакото досега до врвот на палците кога рацете се спуштени низ телото. На обата предни дела на сакото, на боковите и на градите е пришиен по еден џеб, со зашиен набор по средината и со преклоп што се закопчува со мало копче. Широчината на долниот дел на џебот на градите изнесува 11 до 13 cm, на горниот дел 10 до 12 cm, а должината 11 до 13 cm. Широчината на долниот дел на џебот на боковите изнесува 18 до 20 cm, на горниот дел 16 до 18 cm, а должината 18 до 20 cm. Долните агли на џебовите се заоблени. Широчината на зашиениот набор на џебот на градите изнесува 2.8 cm, а на боковите 3,5 cm. Должината на преклопот на џебот на градите изнесува 5 cm, а на боковите 6 cm. Ракавите се едноставни, без наракавје, без разрези и без копчиња. Копчињата се метални, во златножолта боја, со издадена петокрака ѕвезда. Сакото е поставено;

4) горниот дел од костимот (жакетот) има ист крој како и сакото од точка 3 на овој член со тоа што се закопчува од десно налево;

5) панталоните имаат стандарден крој, без манжетни. Средната широчина на долниот дел од ногавицата на панталоните изнесува 23 до 24 cm. Панталоните имаат два џеба отстрана, еден одзади и еден мал отспреди.

6) здолништето има стандарден крој, долго е од 5 до 10 cm под коленото со набор одзади, што е пришиен до половина;

7) мантилот е од непропустлив материјал со качулка и со влошка од вештачко крзно, долго до 50 cm над земјата;

8) кошулата има стандарден крој со двоен мек околувратник. Машката кошула се закопчува одлево надесно, а женската оддесно налево.

9) краватата има стандарден крој и се врзува по должината.

Член 7

Деловите на летната службена облека, освен кошулите, имаат ист крој како и соодветни делови на зимската службена облека.

Кошулата на летната службена облека е од типот „сафари" од памучен материјал, со кратки ракави и се носи со сако или без сако, односно без горниот дел од костимот (жакетот).

Кошулата од став 2 на овој член има два џеба на градите, со преклоп што се закопчува со мало копче. Широчината на џебовите е 8 до 10 cm, а должината 10 до 12 cm.

Ако кошулата од став 2 на овој член се носи без сако, односно без горниот дел од костимот (жакетот), на неа не се става кравата.

## III. Ознаки на службената облека

Член 8

На ракавите на сакото, односно горниот дел на костимот (жакетот) се ставаат следните ознаки:

1) две ленти — за работниците со средна школска подготовка;

2) три ленти — за работниците со виша школска подготовка;

3) четири ленти — за работниците со висока школска подготовка.

Раководителите на организационите единици од член 11 на овој правилник освен ознаките од став 1 на овој член имаат на средината на горната лента истурен круг.

Помошниците на управителите имаат три потесни ленти и една поширока лента и истурен круг, а управителите на царинарниците две потесни и две пошироки ленти и истурен круг.

Ознаките од ст. 1 и 2 на овој член се во златножолта боја, широки 10 mm (со тоа што управителите и помошниците на управителите имаат две или една лента широка 15 mm) и се зашиваат на предната половина на ракавот во височина на 70 mm од долниот раб на ракавот, со растојание од 5 mm.

Член 9

На средината на предниот дел на шапката, односно баретката се става емајлирана петокрака ѕвезда во црвена боја, без подлога, со пречник 2,8 cm.

Член 10

На службената облека работникот е должен да носи амблем.

Амблемот е значка изработена машински од жакар-ткаенина, во облик на стилизиран факел, со димензии 50 × 40 mm, што го претставува свиткано знамето на СФРЈ. Над хоризонталниот дел на знамето, во полето, врамено со краците на знамето, вкомпонирана е силуета на граничен камен на кој е испишана кратенка „СФРЈ". Над граничниот камен се наоѓа грбот на СФРЈ, што е потпрен врз свитканите краеви на знамето. Под хоризонталниот

дел на знамето се наоѓа поле во правоаголен облик, што претставува основа на амблемот, а во кое е испишан зборот: „Царина", со латиница и кирилица.

Амблемот се носи на реверот на сакото односно на левата страна на мантилот на градите.

**IV. Право и обврска за носење и начин на користење на службената облека**

Член 11

Право на службена облека имаат работниците што работат на оперативни задачи и на работи од основната дејност, што се вршат во рамките на царинската испостава односно на царинскиот реферат, и тоа на задачите и работите на цариник, виши цариник, водител на смена, царински инспектор за прием на царинско-стоковна документација и за преглед на стоки, шеф на отсек односно водител на реферат за царинење на стоки, за царински надзор и за контрола на патничкиот промет и шеф на царинска испостава односно водител на царински реферат.

Во граничните царинарници право на службена облека имаат и управителите на царинарниците и помошниците на управителите, како и други работници што повремено се ангажираат на работите на царинската контрола и граничните премини, а ја носат само кога ги вршат тие задачи и работи.

Директорот на Сојузната управа за царини, на предлог од управителот на царинарницата, со решение го утврдува правото на носење на службена облека за работниците од став 2 на овој член.

Член 12

Службена облека му се дава на работникот на употреба без надомест.

Член 13

Царинските работници од член 11 ст. 1 и 2 на овој правилник за време на работата носат службена облека.

Службената облека може да се носи и при доаѓањето на работа односно при заминувањето од работа.

Службената облека работниокт мора да ја одржува чисто и уредно.

Член 14

Службената облека не може да се отуѓува.

На службената облека не можат да се вршат измени во кројот, бојата и ознаките противно од одредбите на овој правилник.

**V. Време на траењето на службената облека**

Член 15

Одделни делови на службената облека имаат време односно рокови на траење, и тоа за:

1. работниците наведени во член 11 став 1 на овој правилник:

а) за мантилот со влошка — две години;

б) за другите делови на зимската и летната службена облека, вклучувајќи ги и чизмите, односно чевлите — две години;

в) за кожните ракавици — пет години;

г) за плетенката на шапката — четири години;

2. за работниците наведени во член 11 став 2 на овој правилник:

а) за мантилот со влошка — четири години;

б) за другите делови на зимската и летната службена облека, вклучувајќи ги и чизмите, односно чевлите — четири години;

в) за кожните ракавици — десет години;

г) за плетенката на шапката — осум години.

Роковите од став 1 на овој член почнуваат да течат од денот кога работникот ја примил службената облека.

Член 16

Ако работникот од член 11 став 1 на овој правилник отсуствува од работа подолго од шест месеци, по кој и да е основ, рокот на траењето на службената облека се продолжува за онолку колку работникот отсуствувал од работа.

Член 17

По истекот на роковите од член 15 на овој правилник, службената облека преминува во сопственост на работникот на кој таа му е дадена на употреба.

Член 18

Работникот мора службената облека да ја врати или може да ја задржи со плаќање на надомест, ако му престанал работниот однос пред истекот на рокот на траењето на службената облека.

Височината на надоместот од став 1 на овој член се утврдува според набавната цена на службената облека и според времето на нејзината употреба.

Одредбата на став 1 од овој член не ќе се применува во случај на смрт на работник, односно кога работник оди во пензија.

Член 19

Ако службената облека според одредбите на овој правилник преминува во сопственост на работникот, од облеката се симнуваат и ѝ се предаваат на царинарницата сите службени ознаки.

Член 20

Работникот мора од сопствени средства да набави службена облека односно дел од службената облека, ако облеката односно дел од облеката е уништен или значително оштетен по вина на работникот или ако работникот облеката односно дел од облеката отуѓи.

Ако службената облека или одделен дел од службената облека е уништен или значително оштетен без вина на работникот, работникот има право на нова службена облека односно на соодветен дел од службената облека.

Работникот може од сопствени средства да набави нова службена облека или одделен дел од таа облека.

Службената облека односно дел од таа облека, од став 3 на овој член, се набавува на молба од работникот, а по налог на управителот на царинарницата, преку царинарницата во која работникот работи.

Член 21

Административно-техничките и финансиско-материјалните работи во врска со набавката на материјалот за службена облека или за одделни делови од службената облека за потребите на органите на царинската служба ги врши Сојузната управа за царини.

Евиденција за издавањето на употреба, за времето, односно роковите на траењето и за враќањето на службената облека води царинарницата.

### VI. Преодни и заврши одредби

Член 22

Службената облека според одредбите на овој правилник ќе им се додели на работниците по истекот на времето, односно рокот на траењето предвиден за службената облека што ја примиле според одредбите на порано важечките прописи за службената облека на работниците на царинската служба.

На денот на приемот на службената облека според одредбите на овој правилник работникот на царинарницата ќе й го предаде амблемот што го носел со службената облека на која й истекло времето односно рокот на траењето.

Царинарницата ги уништува вратените амблеми и на Сојузната управа за царини й поднесува извештај за евидентираниот број на уништените амблеми.

Член 23.

Со денот влегувањето на овој правилник во сила престанува да важи Правилникот за службената облека на работниците на царинската служба („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/71 и 14/76).

Член 24

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 2431/1
25 март 1982 година
Белград

Директор
на Сојузната управа
за царини,
**Звонко Пошкиќ,** с. р.

---

**326.**

Врз основа на член 32 став 2 и чл. 53 и 84 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/77 и 11/80), во согласност со претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ГОРИВОТО ЗА МЛАЗНИ МОТОРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат минималните услови што во поглед на квалитетот мора да ги исполнува горивото за млазни мотори од типот I (во натамошниот текст: горивото), што се означува со ознаката GM-1, исправите со кои мора да биде снабдено горивото кога се пушта во промет, начинот на контрола на квалитетот на горивото и начинот на пакување на горивото.

Одредбите на овој правилник не се применуваат на квалитетот на горивото за потребите на Југословенската народна армија.

Член 2

Квалитетот на горивото се утврдува врз основа на надворешниот изглед, физичко-хемиските карактеристики и другите карактеристични својства на горивото утврдени со овој правилник.

Според својот надворешен изглед, на температура на средината горивото мора да биде бистро, прозирно и без примеси на вода и механички нечистоии.

Член 3

Горивото мора да ги има следните физичко-хемиски карактеристики:

1) во поглед на општите својства:

— зафатнинската маса (густината на 15°C мора да се движи во границите од 0,775 g/cm³ до 0,830 g/cm³;

— точката на палење во затворен сад мара да изнесува најмалку 38°C;

— точката на мрзнење смее да изнесува најмногу — 50°C;

— кинематската вискозност на —20°C смее да изнесува најмногу 8 mm²/s;

2) во поглед на дестилацијата:

— 10% (V/V) (зафатнински) мора да предестилира до 204°C;

— крајот на дестилацијата смее да биде најмногу 288°C;

— остатокот по дестилацијата смее да изнесува најмногу 1,5% (V/V),

— губењето при дестилација смее да изнесува најмногу 1,5% (V/V),

3) во поглед на составот:

— вкупниот киселински број смее да изнесува најмногу 0,1 mg KOH/g;

— количината на ароматт смее да изнесува најмногу 20% (V/V);

— количината на олефин смее да изнесува најмногу 5% (V/V);

— количината на вкупниот сулфур смее да изнесува најмногу 0,2% (m/m) — (по маса);

— дектор-тестот мора да биде негативен, односно количината на меркаптански сулфур смее да изнесува најмногу 0,001% (m/m).

Член 4

Горивото мора да ги има следните карактеристични својства:

1) во поглед на согорувањето:

— долната топлотна вредност мора да биде најмалку 42,8 MJ/kg;

— точката на димење мора да биде најмалку 20 mm, односно количината на нафталенот смее да изнесува најмалку 3% (V/V);

2) во поглед на корозивноста:

— оцената на корозивноста на бакар по греење два часа на 100°C смее да биде најмногу 1b;

— оцената на корозивноста на сребро по греење четири часа на 50°C смее да биде најмногу 1;

3) во поглед на стабилноста:

— техничката стабилност изразена со промена на опаѓањето на притисокот смее да биде најмногу 0,1 bar, а оцената на цевката за прегревање смее да биде најмногу 3;

— количината на постојните смоли смее да изнесува најмногу 7 mg/100 ml;

— количината на потенцијалните смоли смее да изнесува најмногу 14 mg/100 ml;

4) во поглед на реагирањето со вода:

— оцената на изгледот на граничната површина смее да биде најмногу 1b;

— оцената на вредноста на одвојувањето смее да биде најмногу 2;

5) во поглед на електричната спроводливост:

— елктричната спроводливост, измерена при налевање на горивото во воздухоплов, мора да биде најмалку 50 pS/m (пикосименс по метар);

— електричната спроводливост смее да биде најмногу 300 pS/m.

Член 5

Во производството на гориво е дозволена употреба на адитиви, и тоа на:

1) инхибитори на оксидација (антиоксиданти) — горивото смее да содржи најмногу 24 mg/1 антиоксидант како активна материја. Горивото обработувано со водород во процесот на изработката мора да содржи најмалку 17 mg/1 антиоксидант како активна материја;

2) деактиватори на метали — горивото смее да содржи најмногу 5,7 mg/1 деактиватори на метали како активни материи;

3) адитиви за подобрување на растурањето на статичкиот електрицитет (антистатик) — горивото смее да содржи најмногу 1,0 mg/1 антистатик како активна материја;

4) адитиви за спречување замрзнување во системот за гориво — горивото смее да содржи најмногу 0,15% (V/V) додатоци за спречување замрзнување во системот за гориво.

Член 6

Ако методите за испитување на квалитетот на горивото не се пропишани, квалитетот на горивото мора да биде испитан со метод по избор на производителот.

Во извештајот за испитувањето на квалитетот на горивото производителот ги наведува методите што се користени при испитувањето на квалитетот на горивото, како и видот и количината на употребените адитиви, односно дека адитиви не се употребени.

Член 7

Горивото во промет го придружува исправа која мора да ги содржи следните податоци:

1) назив и ознака на горивото (GM-1);

2) фирма, односно назив на производителот;

3) фирма, односно назив на испорачувачот, ако производителот не е истовремено и испорачувач;

4) датум на производството;

5) бруто и нето маса;

6) број и датум на извештајот за испитувањето на квалитетот на горивото.

Член 8

Горивото се пакува за испорака, односно се испорачува во танкери, авто-цистерни или во вагон-цистерни што обезбедуваат зачувување на неговиот квалитет и исправност.

Член 9

Горивото мора да се складира на начин што обезбедува зачување на неговиот квалитет и исправност.

Контрола на квалитетот на складираното гориво мора да се врши најмалку еднаш во шест месеци.

Ако методите за контрола на квалитетот на горивото не се пропишани, контрола на квалитетот на складираното гориво се врши со метод по избор на организацијата на здружен труд која го складира горивото.

Во извештајот за испитувањето на квалитетот на складираното гориво организацијата на здружен труд која го складира горивото ги наведува методите што се користени при контролата на квалитетот на складираното гориво.

Член 10

При складирањето и транспортот на горивото не смее да дојде до мешање на горивото со други течни горива.

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи југословенскиот стандард JUS B.H2.331 — Течни горива. Горива за млазни мотори, Тип I, донесен со Правилникот за југословенските стандарди за производи од нафта („Службен лист на СФРЈ", бр. 61/71).

Член 12

Овој правилник влегува во сила по истекот на еден месец од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 31-13199/1-82
15 јануари 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с. р.

**327.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНИ УРЕДИ ЗА МОТОРНИ ВОЗИЛА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за електрични уреди за моторни возила, што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Електрични уреди за моторни возила. Реле (жмигавец) за покажување на правецот и за предупредување, за возила без приколка, за 6 и 12V. Технички услови и испитувања JUS N.P6.103

2) Електрични уреди за моторни возила. Реле (жмигавец) за покажување на правецот и за предупредување, за возила со приколка и со одвоена инсталација за приколка, за 24V. Технички услови и испитувања JUS N.P6.104

3) Електрични уреди за моторни возила. Реле (жмигавец) за покажување на правецот и за предупредување, за возила со приколка и со заедничка инсталација за приколка, за 12 и 24V. Технички услови и испитувања — — — — — — — — JUS N.P6.105

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, освен точка 5 на тие стандарди, чија примена не е задолжителна, а ќе се применуваат на електрични уреди за моторни возила што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето на овој правилник во сила.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на четири месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-3334/1
9 март 1982 година
Белград

Директор на
Сојузниот завод за стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с. р.

**328.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА СКЛОПНИ АПАРАТИ СО НИЗОК НАПОН

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за склопни апарати со низок напон, што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Нисконапонски склопни апаратури. Образец за избор на опрема различна од стандардната — — — JUS N.K5.011

2) Нисконапонски склопки, разделувачи, разделни склопки и комбинации со топливи осигурувачи. Општи технички услови и испитувања JUS N.K5.012

3) Нисконапонски склопки, разделувачи, разделни склопки и комбинации со топливи осигурувачи. Посебни барања и испитувања при вклучување и прекинување на поединечни мотори — — — — — — — — JUS N.K5.013

4) Нисконапонски апарати за управување. Директни задвижувачи на мотори за наизменична струја. Општи технички услови и испитувања — — JUS N.K5.030

5) Нисконапонски апарати за управување. Директни задвижувачи на мотори за наизменична струја. Координација со уреди за заштита од краток спој — — — — — — — JUS N.K5.032

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Освен точка 7.1.3 од југословенскиот стандард JUS N.K5.012, точка 4.8 од југословенскиот стандард JUS N.K5.013 и точ. 7.1.2 и 8.3 од југословенскиот стандард JUS N.K5.030, како и од југословенскиот стандард JUS N.K5.011, чие применување не е задолжително, југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни, а ќе се применуваат врз склопни апарати со низок напон што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи југословенскиот стандард, што го има следниот назив и ознака:
Нисконапонски апарати за управување. Контактори. Податоци што ги дава корисникот ако условите на работата се разликуваат од стандардните JUS N.K5.011 донесен со Правилникот за југословенските стандарди за нисконапонски апарати за управување („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/79).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-4481/1
13 март 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с. р.

**329.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ДИМОВОДНИ ЦЕВКИ И КОЛЕНА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за димоводни цевки и колена, што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Димоводни цевки. Облик и мери — — — — — — — — JUS M.R4.030

2) Димоводни колена. Облик и мери — — — — — — — — JUS M.R4.031

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се при-

менуваат врз димоводните цевки и колена што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-5237/1
30 март 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с. р.

---

**330.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА КАМЕНЕН АГРЕГАТ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за каменен агрегат, што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Каменен агрегат. Определување на гранулометрискиот состав со метода на суво сеење — — — — JUS B.B8.029

2) Каменен агрегат. Определување на зафатнинската маса и на впивањето на вода — — — — — — JUS B.B8.031

3) Каменен агрегат. Определување на количината на ситни честички со метода на водено сеење — — — JUS B.B8.036

4) Каменен агрегат. Приближно определување на загаденоста со органски материи. Колориметриска метода — — — — — — — — JUS B.B8.039

5) Каменен агрегат за бетон и малтер. Испитување на агрегат загаден со органски материи — — — JUS B.B8.040

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат врз каменен агрегат што ќе се произведе, односно увезе од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат југословенските стандарди што ги имаат следните називи и ознаки:

Испитување на песок за градежни цели. Приближно определување на загаденоста со органски материи (колориметриски методи) — — — JUS B.B8.039

Испитување на песок за градежни цели. Испитување на песок загаден со органски материи — — — JUS B.B8.040

Испитување на гранулацијата на агрегатите за изработка на бетон — JUS U.M8.020

Определување на специфичната тежина и на впивањето на вода на ситен агрегат — — — — — — JUS U.M8.021

донесени со Решението за југословенските стандарди за испитување на камен и песок, лесни агрегати и полни блокови од бетон („Службен лист на ФНРЈ", бр. 11/59);

Испитување на песок и чакал. Определување на волуменската тежина и впивањето на вода (на чакалот) JUS B.B8.031

донесен со Решението за југословенските стандарди од областа на градежништвото („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/62);

Определување количина честички во агрегат што минуваат низ сито 0,090 mm — — — — — — — JUS B.B8.036

донесен со Решението за југословенските стандарди од областа на градежништвото („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/62).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-5241/1
30 март 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с.р.

---

**331.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА БЕТОН

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за бетон, што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Бетон. Испитување хомогеноста на бетонот при мешање со бетонска мешалка — — — — — — JUS U.M1.028

2) Бетон. Определување на составот на свежиот бетон со метода на плакнење — — — — — — — JUS U.M1.030

3) Бетон. Определување на содржината на воздухот во свеж бетон JUS U.M.031

4) Бетон. Определување на атхезијата помеѓу арматурата и бетонот JUS U.M1.090

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник претставуваат составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат врз бетонот што ќе се произведе, односно увезе од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-5236/1
30 март 1928 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с. р.

332.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ПЕСТИЦИДИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за пестициди, што го има следниот назив и ознака:

Пестициди. Хемиски термини — JUS H.B5.136

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник претставува составен дел на овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Применувањето на југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник не е задолжително.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи југословенскиот стандард што го има следниот назив и ознака:

Единствени називи за пестициди.
Пестициди за кои се смета дека не се потребни единствени називи.
Прва листа. — — — — — — JUS H.B5.136
донесен со решението за југословенските стандарди за единствени називи за пестициди („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/71).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-5238/1
30 март 1928 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с. р.

333.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ЕЛЕМЕНТИ ЗА СПОЈУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за елементи за спојување, што го има следниот назив и ознака:

Вијци, навртки и слични елементи за спојување. Статистичка контрола на квалитетот — — — — — JUS M.B1.030

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник претставува составен дел на овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Применувањето на југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник не е задолжително.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи југословенскиот стандард, што го има следниот назив и ознака:

Вијци, навртки и слични елементи за спојување. Технички услови за прифаќање при испорака — — — JUS M.B1.030
донесен со Решението за југословенските стандарди за вијци, навртки и слични елементи за спојување („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/75).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-5239/1
30 март 1932 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с. р.

334.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА САДОВИ ПОД ПРИТИСОК

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за садови под притисок што ги имаат следните називи и ознаки:

| | |
|---|---|
| 1) Садови под притисок. Конусни обвивки изложени на внатрешен или надворешен притисок. Пресметка | JUS M.E2.251 |
| 2) Садови под притисок. Рамни дна и анкерирани плочи. Пресметка | JUS M.E2.259 |
| 3) Садови под притисок. Цевки изложени на внатрешен или надворешен притисок. Пресметка — — | JUS M.E2.260 |
| 4) Садови под притисок. Дебелоѕидни цилиндрични обвивки изложени на внатрешен притисок. Пресметка — — — — — — — — — | JUS M.E2.261 |
| 5) Садови под притисок. Едноѕидни леќести компензатори. Пресметка | JUS M.E2.262 |

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на садови под притисок што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето на овој правилник во сила.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-5513/1
1 април 1982 година
Белград

Директор на
Сојузниот завод за стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ, с. р.**

**335.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЛИЧНИ ЗАШТИТНИ СРЕДСТВА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за лични заштитни средства што ги имаат следните називи и ознаки:

| | |
|---|---|
| 1) Лични заштитни средства. Шлем за возачи на моторни возила и за падобранци — — — — — — — | JUS Z.B1.032 |
| 2) Лични заштитни средства. Шлем за пожарникари — — — | JUS Z.B1.400 |

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на лични заштитни средства што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето на овој правилник во сила.

Член 4

Со денот на влегувањето на овој правилник во сила престанува да важи Решението за југословенскиот стандард од областа на личните заштитни средства („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/60).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-5514/1
1 април 1982 година
Белград

Директор на
Сојузниот завод за стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ, с. р.**

**336.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА АЛАТ И ПРИБОР

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за алат и прибор, што ги имаат следните називи и ознаки:

| | |
|---|---|
| 1) Надворешни конуси за алат. Морзе и метрички конични дршки | JUS K.D0.011 |
| 2) Развртувачи од брзорезен челик. Толеранции на изработка — — | JUS K.D3.112 |
| 3) Турпии и рашпи. Облик и мери — — — — — — — — — — | JUS K.D4.002 |
| 4) Турпии и рашпи. Класа на финост на насекот — — — — — | JUS K.D4.003 |
| 5) Турпии. Дршки — — — — | JUS K.D4.900 |

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Освен југословенскиот стандард JUS K.D4.900 чија примена не е задолжителна, југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни, а ќе се применуваат на алат и прибор што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето на овој правилник во сила.

Член 4

Со денот на влегувањето на овој правилник во сила престануваат да важат:

1) Решението за југословенските стандарди за турпии и рашпи („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/64);

2) Решението за југословенскиот стандард за турпии („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/64);

3) Решението за југословенските стандарди за турпии и рашпи („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/64).

Член 5

Со денот на влегувањето на овој правилник во сила, престануваат да важат југословенските стандарди што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Овални турпии — — — — JUS K.D4.090

2) Дршки за турпии — — — — JUS K.D4.900

донесени со Решението за донесување на југословенските стандарди за развртувачи, турпии и наковални и др. („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/53);

3) Надворешни конуси за алати. Морзе и метрични конични дршки — JUS K.D0.011

донесен со Решението за југословенските стандарди за работен и мерен алат („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/68);

4) Развртувачи. Толеранции на изработката и означување — — — JUS K.D3.112

донесен со Решението за југословенските стандарди од областа на работниот алат („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/70).

Член 6

Овој правилник влегува во сила по истекот на една година од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-5511/1
1 април 1982 година
Белград

Директор на
Сојузниот завод за стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ, с. р.**

**337.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ДРУМСКИ ВОЗИЛА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за друмски возила што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Друмски возила. Маса на друмски возила. Термини и дефиниции — — — — — — — — JUS M.N2.200

2) Друмски возила. Идентификациона ознака на возилата (VIN) — JUS M.N2.210

3) Друмски возила. Идентификациона ознака на возилата (VIN). Означување, место и начин на поставување — — — — — — — — JUS M.N2.211

4) Друмски возила. Меѓународна ознака за идентификување на производителите на возилата (WMI) — — JUS M.N2.212

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Применувањето на југословенските стандарди од член 1 на овој правилник не е задолжително.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-5510/1
1 април 1982 година
Белград

Директор на
Сојузниот завод за стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ, с. р.**

**338.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардзиацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА КАБЛИ, СПРОВОДНИЦИ И ЖИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за кабли, спроводници и жици, што го има следниот назив и ознака:

Производство и транспорт на кабли, спроводници и жици. Термини, дефиниции и ознаки на мери — — JUS N.C0.501

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е составен дел на овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Применувањето на југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник не е задолжително.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-5512/1
1 април 1982 година
Белград

Директор на
Сојузниот завод за стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ, с. р.**

## 339.

Врз основа на член 45 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ“, бр. 49/76 и 41/81), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК НА КОВАНИ ПАРИ ОД 1, 2 И 5 ДИНАРИ

1. Народната банка на Југославија ќе пушти во оптек на 20 мај 1982 година ковани пари од 1, 2 и 5 динари, со обележјата што се утврдени со Одлуката за основните обележја на кованите пари од 25 и 50 пари и од 1, 2, 5 и 10 динари („Службен лист на СФРЈ“, бр. 40/81 и 19/82).

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

О. бр. 19
20 април 1982 година
Белград

Го заменува
претседателот на Советот
на гувернерите
заменик-гувернер
на Народната банка
на Југославија
**Миодраг Вељковиќ**, с. р.

## 340.

Врз основа на член 72 став 2 од Законот за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 5/78 — Пречистен текст), Комисијата за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, ги објавува

## РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРОТ

### НА ДЕЛЕГАТИ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО 1982 ГОДИНА

